# deconex®
# 64 NEUTRADRY

## Неутрално средство за плакнење и забрзувач на сушење, биокомпатибилен

За репроцесирање медицински инструменти и прибор во машини за миење-дезинфицирање



### Примена

deconex® 64 NEUTRADRY се како користи средство за плакнење и за забрзување на сушењето во машините за миење медицински инструменти и прибор. Се додава во последната вода за плакнење, што обично се користи и за термичка дезинфекција (80-93 °C).

### Својства

deconex® 64 NEUTRADRY
- го намалува површинскиот напон на водата,
- го скратува времето на сушење до 50%,
- е биокомпатибилен и е соодветно сертифициран,
- е pH-неутрален,
- има слабо подмачкувачко дејство (на споевите).

### Состојки

Сурфактанти, органски киселини, конзерванси

### Дозирање

0.3-1.0 mL/L (во зависност од квалитетот на водата)
Информации за употребата

За термичка дезинфекција/последно плакнење секогаш треба да се користи дејонизирана вода.

### Компатибилност со материјалите

Производот има широка компатибилност со материјалите. Меѓутоа треба да се има предвид следново:

Помошниот прибор за анестезија направен од полисулфон (PSU) како и од полифенилсулфон (PPSU) како што се спојките за ларингеалните маски, вентилите, адаптерите и деловите од капаците на кутиите за инструменти, можат во допир со средството за плакнење да напукнат поради напрегања кои потекнуваат од производството. Прво мора да се тестира соодветноста на овие делови.

### Хемиски/физички податоци

| | | |
|---|---|---|
| pH-вредност | 1% раствор во деминерализирана вода | приближно 7.9 |
| Специфична маса | концентрат | 1.01 g/mL |
| Изглед | концентрат | проѕирна, безбојна до жолтеникава течност |



borer
advanced cleaning solutions

DB deconex 64 NEUTRADRY BC-CH 1.0_211216_MK

### Испорака

Ве молиме информирајте се кај вашиот локален претставник за актуелните големини на пакувањата.

Садовите, капачињата и налепниците се направени од полиетилен што може да се рециклира. На располагање има помагала за дозирање како што се пумпи, мензури, мерни дози и др. Ве молиме побарајте ја соодветната документација.

### Складирање и транспорт

Чувајте го производот на температури меѓу 5 и 25 °C.

Овој медицински уред може да замрзне. Секогаш кога е возможно, избегнувајте да го транспортирате производот во периоди кога е многу ладно. Ако транспортот во такви периоди е неизбежен, производот треба да се достави во возило/бродски контејнер каде што температура е контролирана и е над 5 °C, или пак со употреба на заштитни прекривки за кратки периоди на транспорт, не подолги од 10 часа каде што температурата нема да падне под 5 °C:

### Ознака CE

deconex® 64 NEUTRADRY ги исполнува условите за медицинси уреди согласно Регулативата (EU) 2017/745.

### Дополнителни информации

За информации во врска со безбедноста на работа, складирањето и отстранувањето на отпадот/отпадните води, ве молиме да го погледнете соодветниот лист со податоци за безбедност.

Искористете го нашето обемно знаење! Ве молиме јавете ни се за дополнителни информации во врска на вашата конкретна примена.

**Дистрибутер / увозник:**

**Производител:**
**Borer Chemie AG**
Gewerbestrasse 13, 4528 Zuchwil / Switzerland
Tel +41 32 686 56 00 Fax +41 32 686 56 90
office@borer.ch, www.borer.ch

CE MD

borer
advanced cleaning solutions



DB deconex 64 NEUTRADRY BC-CH 1.0_211216_MK